ПРЕПОЗНАЈ И СПРЕЧИ: НОВИНАРСКИ АЛАТКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Скопје
2023

Институт за комуникациски студии

respublica

Наслов на публикацијата:
Препознај и спречи: новинарски алатки за справување со дезинформации

Издавач:
Институт за комуникациски студии
ул. „Јурij Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

За издавачот:
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

Едиција:
ResPublica respublica

Автори:
д-р Нико Дрок, вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска, Владимир Николоски, Александра Теменугова

Уредник:
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

Лектура:
Татјана Б. Ефтимоска

Графички дизајн:
Татјана Коцева Спирова

Место и година:
Скопје, 2023

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

070:174.7(036)
070:316.776.23(036)

ПРЕПОЗНАЈ и спречи [електронски извор] : новинарски алатки за справување со дезинформации / Нико Дрок... [и др.]. - Текст во ПДФ формат, содржи 29 стр. - Скопје : Институт за комуникациски студии, 2023. - (Едиција ResPublica)

Начин на пристапување (URL): https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2023/06/prepoznaj-i-spreci-novinarski-alatki-za-spravuvanje-so-dezinformacii-mk.pdf.
- Наслов преземен од екран. - Опис на изворот на ден 14.11.2023 год. -
Останати автори: Жанета Трајкоска, Владимир Николоски, Александра Теменугова

ISBN 978-608-4805-37-3

1. Drok, Nico [автор] 2. Trajkoska, Zaneta [автор] 3. Nikoloski,Vladimir [автор] 4. Temenugova, Aleksandra [автор]

а) Кредибилно новинарство -- Вредности -- Водичи б) Новинарство -- Дезинформации -- Справување -- Водичи

COBISS.MK-ID 62369029

Содржина

01	Вовед	4
02	Основни вредности	6
03	Стандарди за новинарство кое влева доверба/ кредибилно новинарство	8
04	Насоки за работа со материјал од трети лица	14
4.1	Верификација	14
4.2	Точност	17
05	Алатки за верификација	20
	Епилог	23
	Користена литература	25

01

ВОВЕД

Живееме во време кога технологијата скоро во целост ја опфати секојдневната комуникација лице в лице. Секоја индивидуа денес може многу лесно да објави информации, затоа што живееме во виртуелен свет, или такаНаречено вмрежено општество, со многу медиуми и социјални мрежи што го овозможуваат тоа. Дезинформациите, или лажните информации кои се шират намерно или ненамерно, сè почесто се проблем во медиумскиот свет што го носи новата ера.

Разнообразни лажни информации честопати се шират од различни причини, заради политичка, економска или лична корист. Може да се шират преку редакциите на традиционалните медиуми, преку социјалните медиуми и преку личните блогови. Без разлика на причината или каналот, влијанието на дезинформациите може да биде застрашувачко, дури и да ѝ наштети и на демократијата. Може да доведе до забуни, да ја поткопа довербата и да им наштети на лицата и на општествата. Затоа е потребен систематски пристап за справување со дезинформациите. Тој пристап е потребно да ги вклучи познавањето на изворите на информации, проверка на точноста и веродостојноста на информацијата и ширењето точни информации за да се сузбијат дезинформациите.

Денес се достапни повеќе вести отколку кога било порано. Сепак, значителен број од населението не консумира или консумира многу ограничена количина вести. Дури и помеѓу оние кои се редовна публика, значителен дел одговараат дека некогаш или често одбегнуваат да следат вести. Дополнително, истражувањата по-

кажуваат дека се шири трендот да се одбегнува следењето вести, и покрај зголемената понуда на новинарски производи. Одбегнувањето на вестите е главно проблем за традиционалните информативни медиуми. На медиумските редакции им се потребни читатели, слушатели или гледачи за да генерираат приходи од рекламирање, да имаат претплатници и да ја одржат својата релевантност во општеството. Но, одбегнувањето на вестите исто така е проблем за демократијата затоа што консумирањето вести позитивно влијае врз знаењето на луѓето за општеството и за политиката, како и за нивниот политички ангажман и учество.

Иднината на традиционалните медиуми во голема мера ќе зависи од тоа колку ќе успеат да ја повратат довербата на граѓаните кои се натрупани со информации. Затоа, многу е важно новинарите и нивните здруженија да работат во согласност со етичките стандарди и вредности, што ќе ѝ овозможи на публиката да разликува помеѓу тоа што се потврдени информации, а што се дезинформации. Во таа насока, потребно е да се истакне дека иако има Кодекс за новинарите во Македонија, тој треба постојано да се ажурира за да им одговори на предизвиците што ги носи новото време. Дополнително, потребно е да се работи врз унапредување на квалитетот на работата на новинарите и на уредничките тимови, со оглед на тоа што најчесто, новинарскиот кодекс е непрочитана приказна.

Преку овој водич на Институтот за комуникациски студии, подготвен во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано врз факти за подигнување на свеста и за спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“, се обидуваме да придонесеме кон зајакнување на професионализмот во медиумите и кон поголем број веродостојни медиумски содржини, што е единствениот начин да се намали негативното влијание на дезинформациите, погрешните и злонамерните информации врз демократијата во нашата земја.

02 Насоки за справување со дезинформации

Основни вредности

Во ерата на дезинформации, од суштинско значење е професионалното новинарство да се држи до своите основни вредности. Тие вредности го дефинираат она што го разликува новинарството од сите други облици на објавување медиумски содржини.
Иако сè уште постои дебата кои се основните вредности врз коишто почива новинарската професија, сепак има консензус околу тоа дека независноста, автономијата, непристрасноста, точноста, транспарентноста и конструктивноста се клучните постулати.

а. Независност

Независноста е една од клучните вредности во новинарството и во справувањето со дезинформациите. Тоа значи дека не сте под влијание на надворешни интереси и агенди, како што се политичките или корпоративните интереси. Тоа претпоставува да не бидете заведени од извори, да не бидете заплашени од моќта или да не бидете компромитирани од личниот интерес. На подлабоко ниво, се мисли на независност на духот и слободоумност и интелектуална љубопитност, што им помага на новинарите да погледнат надвор од нивната класа или социо-економски статус, етничка припадност, религија, пол или его. Исто како што има независни судии, независното новинарство е суштински дел од демократијата.

б. Автономија

Автономијата е поврзана со независноста. Автономијата постои на три различни аналитички нивоа: првото е институционалното ниво, што се однесува на новинарството како целина, независно од другите општествени институции како државата и пазарот; второто е индивидуалното ниво, што се однесува на самите новинари кои имаат дискрециска креативна моќ и моќ на одлучување во својата работа; и третото е организациското ниво, што се однесува на нивото на работното место, каде што индивидуалните преференции често се под влијание на институционални ограничувања. Општо земено, новинарските истражувања се фокусирани најмногу врз анализа на автономијата на институционално и на индивидуално ниво, а помалку на организациско ниво.

в. Непристрасност

Непристрасноста најчесто се дефинира како изразување или користење факти без искривување поради лични убедувања, пристрасност, чувства или предрасуди. Новинарската непристрасност е, генерално, исто така сфатена. Во поново време, непристрасноста главно се смета за метод на разбирање. Ова вклучува искрено почитување на фактите, консултација со повеќе извори, поставување тешки прашања, пондерирање докази, да се биде со отворен ум, да се направи целиот процес што е можно потранспарентен.
Непристасноста не значи дека треба да се презентира целосно неутрална или перспектива без став, туку таа експлицитно се однесува на методот на работа којшто треба да е непристрасен.

г. Точност

Новинарите не можат да ја претставуваат „единствената вистина", но да се биде точен и правилно да се разберат фактите останува клучен принцип во новинарството. Точноста значи презентирање информации кои се вистинити и точни; тоа е темелот врз којшто се гради сè друго: вестите, контекстот, интерпретацијата, дебатата. Во справувањето со дезинформациите, од суштинско значење е да се осигуриме дека презентираните информации се точни и се поткрепени со докази. Ова вклучува проверка на фактите и проверка на изворите на информации, како и отворено признавање какви било нејаснотии или ограничувања во информациите.

д. Транспарентност

Транспарентноста значи да се биде отворен и искрен во однос на новинарскиот процес и на секој потенцијален конфликт на интереси. Во справувањето со дезинформациите, од суштинско значење е да се обелоденат какви било врски или предрасуди кои можат да влијаат врз презентираните информации. Тоа вклучува отвореност за изворите на информации и признавање какви било потенцијални предрасуди или ограничувања во информациите, отвореност за финансирањето, отвореност за методот што бил користен и за клучните избори што биле направени, отвореност за важни грешки или пропусти. Транспарентноста се истакнува како ефикасен начин за борба против дезинформациите, како и за спротивставување кон тековниот пад на довербата и кредибилитетот во медиумите.

ѓ. Конструктивност

Конструктивноста значи презентирање на информациите на начин којшто е корисен и продуктивен, наместо поларизирачки или штетен. Во справувањето со дезинформациите, од суштинско значење е да се промовира конструктивен дискурс и да се поттикне критичко размислување за можните решенија за заедничките проблеми. Конструктивното новинарство е пристап што има за цел да ѝ обезбеди на публиката правична, точна и контекстуализирана слика за светот, без пренагласување на негативното и на она што не е во ред. Може да се гледа како одговор на поларизацијата, сензационализмот и пристрасноста кон негативноста.

03

Стандарди за новинарство кое влева доверба/кредибилно новинарство

Во сè поголемиот наплив од дезинформации, професионалното новинарство треба да биде носечки столб на доверливоста. Кредибилното, односно новинарството кое влева доверба нуди точност, доверливост, непристрасност, избалансираност и плурализам. Кредибилните новинари се независни и избегнуваат конфликт на интереси; тие не се на јавни функции, не даваат совети за односи со јавноста, ниту, пак, имаат финансиски интереси во други организации.

Во ова поглавје се идентификувани главните стандарди за новинарство од доверба, во три категории:
I. Извори,
II. Презентација,
III. Постпродукција.

I Извори

a. Верификација

Верификацијата е суштината на новинарството од доверба; почитувањето на фактите и правото на јавноста да ја знае вистината е неговата прва должност. Затоа:

- Сите клучни елементи на приказната, како што се тврдењата од извори, имиња, датуми и места, факти и бројки, секогаш треба да се проверуваат, а и двојно да се проверат.
- Секогаш кога е можно, треба да се користат повеќе извори и сите докази треба да се пондерираат на транспарентен начин и со отворен ум.

б. Сеопфатност

За кредибилното новинарство, правилното утврдување на фактите е неопходно, но не е доволно. Дури и вистинските факти можат да кажат нецелосна и, оттаму, и погрешна приказна. Затоа:

- Сите важни информации треба да бидат обработени во приказната; треба да бидат вклучени сите релевантни факти и гледишта.

в. Доверливост на изворите

На кредибилното новинарство првично му требаат сигурни извори. Затоа:

- По можност, се користат информации од прва рака од сопствено набљудување.
- Доколку се потребни индиректни извори, тие треба да се знаат и да се сметаат за сигурни.Треба да се земе предвид дали самиот извор директно ја примил информацијата и дали изворот има најнови информации.

г. Повеќе од еден извор

Кредибилното новинарство се води по максимата: еден извор не е извор. Затоа:

- Приказната не треба да се заснова врз еден единствен извор. Меѓутоа, ако е ова навистина неизбежно, изворот треба да биде веродостоен, без какво било сомневање.
- Приказните секогаш треба да се правични, со тоа што на сите лица кои се опфатени им се дава доволно време за фер сослушување.

д. Референции/Заштита на изворите

Новинарството од доверба е транспарентно за изворите, но доколку е потребно и ги заштитува. Затоа:

- До максимален можен степен, јасно дајте ѝ на знаење на публиката кои се вашите извори, кој е авторитетот на вашите извори и какви интереси или мотиви/намери може да имаат вашите извори.
- Новинарите не би требало да инсистираат да користат ранливи извори, како што се лица со ментални ограничувања, деца и жртви на злосторства, несреќи или катастрофи.
- Доколку е потребна анонимност, информациите за контакт на изворот секогаш треба да му се даваат на главниот уредник како гарант за безбедно чување.

ѓ. Плаќање/прифаќање пари

Кредибилното новинарство не зависи од финансиски стимулации. Затоа:

- Секогаш треба да се избегнува плаќање извори за информации;
- Секогаш треба да се избегнува прифаќање пари од извори; вклучувајќи прифаќање плаќања за патување.

е. Тајни методи/скриени уреди

Новинарството од доверба треба да користи само фер методи за добивање информации. Затоа:

- Секогаш однапред претставете се дека сте новинари и јасно искажете ги вашите новинарски намери.
- Исклучок може да се направи само во случај на голема злоупотреба во општеството, што може да се прикаже само со употреба на тајни методи/уреди.
- Не крадете информации (вклучувајќи фотографии, видео, податоци, документи и слично), ниту, пак, користете украдени информации.

II Презентација

а. Драматизации/Реконструкции

Кредибилното новинарство ги презентира вестите на искрен начин. Затоа:

- Цитатите мора да бидат точни и прецизни и секогаш треба да се користат во контекстот во којшто се дадени.
- Зборовите, сликите, аудиото, видеото никогаш не треба да се лажираат или суштински да се менуваат.
- Секогаш треба да се избегнува реконструирање или драматизирање во вестите со актери без тоа да се каже.
- Сензационализмот секогаш треба да се избегнува.

б. Разлика помеѓу факти и мислења

Кредибилното новинарство е поинакво од другите медиумски практики бидејќи ги разликува фактичките информации од нормативните изјави. Затоа:

- При презентирањето на вестите, треба да се прави јасна разлика помеѓу фактите и мислењата.
- Информациите од соопштенијата за медиумите на групите од интерес – вклучително политичките партии, бизнисите или владата – мора да бидат јасно означени како такви.

в. Контекст

Новинарството од доверба ги става фактите во перспектива. Затоа:

- Фактите од вестите треба да се стават во релевантен контекст што им дава значење.
- Дополнителните елементи за поддршка, како што се аудиоелементи или слики, секогаш треба да одговараат на контекстот и на содржината на приказната.

г. Правичност

Кредибилното новинарство признава дека реалноста не е црно-бела, туку има многу нијанси на сиво, па дури и многу бои. Затоа:

- Информативните производи треба да наведат кои групи и интереси, а со тоа и перспективи, се вклучени во одреден настан или развој на настаните во вестите.
- Колку што е можно повеќе, различните перспективи треба да бидат присутни во приказната.

д. Поларизација

Новинарството од доверба се стреми да ја раскаже целата приказна, а не само да ги прикаже екстремите на двата краја. Затоа:

- Треба да се избегнува преувеличувањето на спротивставените гледишта или на конфликтите за да се направат вести.
- Треба да се избегнува фокусирање само врз екстремни ставови; треба да се посвети внимание на поширокаата средина и на нијансите.
- Треба да се избегнува претерано поедноставување на разликите во ставовите; треба да се посвети внимание на размислувањата и на аргументацијата од кои произлегуваат ставовите.
- Спомнувањето на личните карактеристики, како што се националноста, религијата или етничката припадност, лесно може да доведе до стигматизација и затоа треба да се избегнува, освен ако не е со јасна релевантност за приказната.

ѓ. Приватност

Кредибилното новинарство го почитува интегритетот на поединците. Затоа:

- Во објавите треба да се почитува приватноста на лицата, освен ако не постои јасен општествен интерес од поголемо значење.
- Приватноста на луѓето со јавен профил е исклучок од ова правило, што се однесува на нивниот јавен живот. Детали за нивниот приватен живот може да се обелоденат само доколку постои јасна и докажлива врска во однос на извршувањето на нивната јавна функција.

III Постпродукција

а. Транспарентност за методите/изборите

Кредибилното новинарство уважува дека транспарентноста ја зголемува довербата. Затоа:

- По барање на јавноста, треба да се даде јасен увид во методите што биле користени и во главните одлуки што биле направени во процесот на новинарската работа на продуктите.
- Ова може да се направи дури и во случај кога не се бара експлицитно, на пример во случај на приказни кои би можеле да се сметаат за контроверзни.

б. Исправки и дополнувања

Новинарството од доверба се стреми да биде комплетно и без грешки. Затоа:

- Јавноста треба да биде активно поканета да дава корекции и дополнувања.
- Доколку некој новинарски производ е (или му се припишува дека е) нецелосен или (дека) содржи лажни информации, тоа треба искрено да се признае и соодветно да се поправи, јавно и што е можно побрзо.

в. Одговорни за изборите и за влијанието

Кредибилното новинарство ја презема одговорноста за изборите направени за време на процесот на создавањето на новинарските производи, како и за влијанието што една вест го има врз изворите, врз корисниците и врз општеството во целина. Затоа:

- Одговорноста за изборите и влијанието треба да се гарантира преку воспоставување процедури кои се јасни и едноставни, за да се постават прашања или да се поднесат жалби од изворите или од публиката.
- На индивидуално ниво, новинарите треба да покажат отвореност кон критиката.
- На ниво на медиумска организација, треба да има засебен уредник за јавноста или омбудсман.

04

Насоки за работа со материјал од трети лица

(Содржина создадена од корисници, социјални медиуми, други информативни медиуми)

4.1 Верификација

Верификацијата е суштината на веродостојното новинарство. Во сегашната информативна средина, каде што конвенционалните и социјалните медиуми живеат едни до други, важноста на верификацијата значително се зголемува. Особено кога се користи материјал од трети страни, како што се содржини од корисници, од социјални медиуми или од други информативни медиуми, од витално значење е да се утврди дека содржината е точна и дека не е уредувана, сечена, дупликат или повторно објавена со различен контекст.

a. Оригинален извор

Од витално значење е да се биде критички настроен кога се презема извор што се користи или што се споменува од трето лице. Затоа:

- Идентификувајте го оригиналниот извор.
- Со идентификување на оригиналниот извор, проверете ги информациите за содржината (вклучувајќи локација, датум и приближно време) и за авторот/креаторот на содржината
- Кога се сомневате, контактирајте го изворот за дополнителни информации и за потврда.

б. Потврдување преку други извори

Вториот чекор е да се оспори изворот и неговата содржина. Затоа:

- Предизвикајте го изворот со прашања како што се: „Како го знаеш тоа?“ и „Како инаку знаеш за тоа?“
- Споредете ја содржината со друга содржина, како што се извештаи, фотографии и аудио/видеоснимки.

в. Потекло на интернет-страница

Користењето информации од интернет-страниците стана вообичаена практика, иако дури и навидум веродостојните извори на информации на интернет можеби не се секогаш точни. Затоа:

- Секогаш проверувајте го делот на страницата што содржи информации „За“, за да дознаете кој ја води интернет-страницата и каква е нивната цел.
- Проверете дали овие информации се оригинални и вистинити.

г. Име на домен

Интернет-страниците не се секогаш онакви какви што изгледаат или какви што тврдат дека се. Дури и интернет-страницата што има убав изглед и има домен што звучи автентично може да биде политичка измама, лажна компанија или сатирична шега. Затоа:

- Секогаш започнувајте со пребарување на алатката ‘Whois’ за името на доменот, за да дознаете кој го регистрирал URL-линкот.
- Проверете ја архивата на интернет за да добиете претстава за целокупната историја на страницата, на организацијата или на лицето што ги изнесува информациите.
- Проверете го Google PageRank на страницата (т.е. рангирањето на страницата според Гугл, заб.прев.). Ако страницата е високорангирана, поверојатно е дека кредибилните страници упатуваат на него.

д. Проверка на името

Групите може прилично лесно да се најдат на интернет, но често е потешко да се најде индивидуална личност. Затоа:

- Започнете со изработка на досие за личноста што се обидувате да ја лоцирате или за која сакате да дознаете повеќе.
- Обидете се да го проверите името преку јавни профили, на пример профили на социјалните мрежи. Содржина на Јутјуб што вклучува URL на некоја интернет-страница може да доведе до адресата, до поштата и до личниот телефонски број на лицето, преку алатката 'Whois'.

ѓ. Обратно пребарување фотографии

Сликите можат да бидат многу моќни, но се прилично лесни за манипулација. Затоа:

- Кога работите со слики и видеа, користете Google Image Search или TinEye за да извршите обратно пребарување на слики/видеосодржини. Ако се појават неколку адреси до истата слика, кликнете на „view other sizes" за да ја пронајдете највисоката резолуција/големина, која обично е оригиналната слика.
- Проверете дали сликата има EXIF-податоци (метаподатоци). Користете софтвер како Photoshop или бесплатни алатки како Fotoforensics.com или Findexif.com за да најдете информации за моделот на камерата, за датумот на сликата и димензиите на оригиналната слика. Внимавајте на тоа дека таквите податоци може да бидат манипулирани со поставките на производителот.

е. Намери или интереси зад создавањето или споделувањето

Разбирањето на намерите или интересите зад создавањето или споделувањето содржина, или барем да се има одредена претстава за истото, е суштински елемент на процесот на верификација. Затоа:

- Проверете дали лицето што снимило фотографија или видео е или не е случаен минувач.
- Проверете дали профилот на личноста или користењето на социјалните мрежи сугерираат заднина како активист или агитатор.
- Проверете дали лицето присуствувало на настанот со цел да го долови од одредена перспектива.
- Проверете дали лицето е поврзано со организација или (онлајн) заедница што има посебен интерес.

04

4.2 Точност

Точноста не е само прашање на утврдување на фактите, иако е тоа првата цел во новинарството. Точноста се однесува и на утврдувањето на вистинските факти: сите релевантни факти треба да се земат предвид за да се дојде до вистината. Ова не е случај само за сопствената работа, туку и за материјалот што се користи од други страни.

а. Непристрасни извори

Да се биде критичен за пристрасноста на изворот е од витално значење во различни фази од новинарскиот процес: за време на првичното пребарување извори, за време на развојот на приказната и во подоцнежната евалуација, за време на уредувањето и презентацијата. Затоа:

- Утврдете кои се предрасудите на изворот(-ите) што ги користела другата страна.
- Ако опсегот на гледишта е наведувачки, треба сами да додадете доволно разновидни извори.

б. Комплетен материјал

Кога работиме со факти, секогаш е важно да се запрашаме: со чии факти се занимавам? Точноста значи и: добивање на целата приказна. Затоа:

- Секогаш проверувајте дали информациите што доаѓаат од трети страни се целосни и не недостасуваат важни и релевантни факти или гледишта.

в. Соодветна поткрепа на насловот и содржината на приказната

Во новинарството, насловот и главната содржина служат за да ја привлечат публиката кон приказната, со истакнување на нејзината суштина. Во пракса, желбата да се привлече внимание понекогаш доведува до пренагласување на контроверзните или на сензационалните елементи. Затоа:

- Кога се користи приказна од други страни, треба да се провери дали насловот и главната содржина точно ја претставуваат содржината на приказната или не.

г. Баланс

Точното известување значи и дека приказните се соодветно избалансирани. Понекогаш приказната има две страни кои се еднакво важни, но често ситуацијата е посложена – со повеќе страни и различна тежина. Затоа:

- Кога се користи материјал од други страни, треба да се провери дали е материјалот доволно избалансиран на начин што релевантните страни се соодветно вклучени и земени предвид.

д. Пристрасност

Луѓето имаат потсвесна тенденција да бараат и да толкуваат информации и други докази на начини кои ги потврдуваат нивните постоечки убедувања, идеи, очекувања и/или хипотези. Кога се користи материјал од трети страни, оваа потсвесна тенденција може да има уште поважна улога, бидејќи користењето материјали од трети страни често поминува низ помалку ригорозна процедура отколку собирањето сопствен материјал. Затоа:

- Критички тестирајте го и проверете го секој факт или тврдење за факт на трети страни пред да го објавите, за подоцна да можете да ја одржите точноста на вашата работа.
- Активно барајте дополнителни, спротивни информации.

ѓ. Контроверзни факти и цитати

Точноста е секогаш неопходна за кредибилно новинарство, а особено кога станува збор за контроверзни факти и цитати. Затоа:

- Пред објавување контроверзен материјал од трети лица, треба да се провери повторно.
- Ако не е можна темелна двојна проверка, бидете транспарентни. Објаснете зошто не можело да се направи двојната проверка и зошто сепак сте се одлучиле да го објавите.

05

Алатки за верификација

Циклусот вести 24/7, подемот на социјалните медиуми и содржината генерирана од корисниците бараат од нас да ги разбираме работите и да известуваме додека се одвиваат настаните, донесувајќи брзи одлуки за тоа дали информациите се доволно проверени. Дигиталните алатки ни даваат нови начини за наоѓање и за контактирање извори. Базите на податоци и мултифункционалните мобилни телефони со камери ни овозможуваат да имаме огромни количини документација за барање и проценка. Успешната верификација резултира од ефикасната употреба на технологијата, како и од посветеноста на безвременските стандарди за точност.

Можеме да користиме различни алатки за да пронајдеме детали за контакт и профили на корисници кои се активни на социјалните мрежи, за да провериме дали одредена слика е вистински приказ на она што се случува или да потврдиме дали нешто навистина се случило таму каде што мнозинството реклорекла дека се случило.

Во овој водич посочуваме неколку од нив, коишто може да им помогнат на новинарите при проверка на изворите и на податоците. Тие се структурирани според: а. Потврдување на идентитетот, б. Геолокација, в. Проверка на фотографии

Потврдување на идентитетот:

AnyWho: бесплатен директориум со функција за обратно пребарување.

GeoSocial Footprint: интернет-страница каде што може да се следи „отпечатокот“ на локацијата на корисниците создадена од твитови со овозможен GPS, пријавување на социјалните мрежи, пребарување на локација на природен јазик (геокодирање) и собирање податоци од профили на социјалните мрежи.

LinkedIn: користејќи ги информациите за работното искуство и врски, Линкдин (LinkedIn) обезбедува дополнителни средства за следење на поединецот и за потврдување на идентитетот на лицето или на приказната.

Muck Rack: наведува илјадници новинари на Twitter, Facebook, Tumblr, Quora, Google+, LinkedIn кои се проверени од тим уредници на Muck Rack.

Numberway: именик на меѓународни телефонски именици.

Person Finder: една од најпознатите бази на податоци со отворен код за поединци за објавување и за пребарување за статусот на луѓето погодени од катастрофа. Секогаш кога ќе се случи катастрофа од големи размери, кризниот тим на Гугл (Google) ја поставува алатката за наоѓање лица.

Pipl.com: пребарува поединец на интернет и може да помогне да се идентификува преку повеќе профили на социјалните медиуми, преку јавни записи и детали за контакт.

Rapportive: додаток на Гмаил (Gmail) што им дава на корисниците увид во нивните контакти, вклучувајќи ги профилите на социјалните медиуми, локацијата, вработувањето.

Spokeo: алатка за пребарување луѓе што може да ги пронаоѓа поединците по име, е-пошта, телефон или корисничко име. Резултатите се спојуваат во профил што ги прикажува родот и возраста, деталите за контакт, занимањето, образованието, брачниот статус, семејното потекло, економскиот профил и фотографиите.

WebMii: бара интернет-врски што одговараат на името на поединецот или може да идентификува неодредени поединци по клучен збор. Дава резултат за видливост на интернет што може да се користи за да се идентификуваат лажните профили.

WHOIS: ги наведува регистрираните корисници на одреден домен и го наведува датумот на регистрација, локација и контакт-детали за регистрантот или за нарачателот.

Проверка на локации:

Flikr: пребарување на геолоцирани фотографии. free-ocr.com: извлекува текст од слики кои потоа може да се стават во алатката за превод на Гугл (Google translate) или да се пребаруваат на други ресурси за мапирање.

Гугл мапи (Google Maps): онлајн мапа која обезбедува воздушни или сателитски снимки со висока резолуција и којашто покрива голем дел од Земјата, освен областите околу половите. Вклучува голем број опции за гледање како терен, информации за временските услови и приказ на ниво на улица од 360 степени.

Гугл преведувач (Google Translate): може да се користи за откривање можни локации, (на пр., знаци) напишани на други јазици.

Метео Франција (Météo-France): Француската метеоролошка агенција дава слободен пристап до радарски и сателитски снимки, мапи и податоци за климатски модели, фокусирани на Европа.

Земјината опсерваторија на НАСА (NASA Earth Observatory): Земјината опсерваторија е основана со цел споделување сателитски снимки и информации со јавноста. Дејствува како складиште/база на податоци на слики на глобално ниво, со слободен пристап до мапи, слики и сетови од податоци.

Wolfram Alpha: компјутерски оператор што одговара на прашања користејќи структурирани и систематизирани податоци од својата база на знаење. За разлика од пребарувачите, кои обезбедуваат листа на релевантни сајтови, Wolfram Alpha обезбедува директни, фактички одговори и релевантни визуелизации.

Проверка на слики:

Foto Forensics: оваа интернет-страница користи анализа на ниво на грешка (ELA) за да означи делови од сликата што можеби се изменети. ELA бара разлики во нивоата на квалитет на сликата, истакнувајќи каде можеби се направени измени.

Пребарување слики по Гугл (Google Search by Image): со поставување или внесување на URL-то на сликата, корисниците можат да најдат содржина како што се поврзани или слични слики, интернет-страници и други страници користејќи ја специфичната слика.

JPEGSnoop: бесплатна апликација само за Виндоус (Windows) која може да открие дали сликата е уредувана. И покрај ознаката за JPEG во името, може да отвори и формати како AVI, DNG, PDF, THM и вградени JPEG. Исто така, ги исфрла метаподатоците, вклучувајќи датум, тип на камера, поставки за објектив, итн.

TinEye: алатка за обратно пребарување слики што ги поврзува сликите со нивните создавачи, овозможувајќи им на корисниците да откријат од каде потекнува сликата, како се користи, дали постојат изменети верзии и дали има копии со поголема резолуција.

ЕПИЛОГ: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВЕРОДОСТОЈНОСТА

Контекстот во којшто функционира професионалното новинарство се промени во многу аспекти во 21 век. Промените се многукратни и понекогаш контрадикторни, но тие можат да се сумираат како премин од средина на мас медиуми во средина на мрежа. Новата технологија стави крај на монополот на традиционалните медиуми во кои новинарот беше главниот контролор; притоа, се поттикна постојано ширење нови (социјални) медиуми, кои служеа како средство за речиси неограничен пораст на неосновани мислења и непроверени информации.

Преминот кон вмрежено општество сè уште е во тек, но јасно е дека менувањето на средината носи многу предизвици за новинарството на 21 век на прв план. Како да ја задржиме вредноста во средина каде што вестите се во изобилие, а концентрираното внимание е оскудно? Како да се увериме дека јавноста ја гледа разликата помеѓу точната и погрешната информација и помеѓу веродостојните и неверодостојните извори на вести? Како да останеме поврзани со јавноста? Како да ја задржиме довербата во годините што доаѓаат?

Порастот на ширењето лажни информации го зајакнува убедувањето дека на вмреженото општество му се потребни кредибилни новинари кои ѝ служат на јавноста со:

- обезбедување вистинит увид во важни политички, економски и социокултурни настани, прашања и случувања;
- поттикнување и зајакнување отворен разговор во јавниот простор, со почит, без говор на омраза, без вознемирување и закани.

Ова се задачи за независни професионалци и не треба да се даваат во рацете на аматери или алгоритми.

Дезинформацијата е разорна сила во општеството. Општество кое не е сигурно што е вистина не може да функционира. Како може професионалното новинарство да му помогне на општеството да се справи со дезинформациите? Постојат неколку одговори на ова прашање. Новинарството може да помогне преку разобличување лажни написи/изјави на други, преку проверка на фактите на објавените продукти. Тоа може да помогне во разоткривање на креаторите на лажни информации и во објаснување на системот којшто е во заднината на дезинформациите. На тој начин ќе се помогне во создавање отпорност кај јавноста на лажни информации преку подигнување на нивото на писменост за вести на луѓето.

Покрај ова, од суштинско значење е професионалните медиуми да продолжат да создаваат сопствен наратив, којшто може да се спротивстави на лажните информации на другите. Во нивната позната книга „Елементи на новинарството“, Ковач и Розенстил наведуваат: „Сепак, дисциплината на верификација е она што го одделува новинарството од забавата, пропагандата, фикцијата или уметноста.“ Вистинитите информации можат да ги поништат лажните информации, но само доколку професионалните медиуми се подготвени да инвестираат во зајакнување на нивната веродостојност.

Користена литература

- Accountable Journalism, Reuters: Handbook of Journalism: Standards and Values. Available at: https://accountablejournalism.org/ethics-codes/standards-and-values;
- AFP, AFP Editorial Standards and Best Practices, April 4, 2016. Available at: https://www.afp.com/communication/chartes/12_april_2016_afp_ethic_final.pdf;
- AJM, Code of Ethics for the media in Macedonia. October 3, 2017. Available at: https://znm.org.mk/en/ajm-provided-a-code-of-ethics-for-the-media-in-macedonia/
- Akrap, G., Cucu, C., Gensing, P., Georgiev, G., Gerguri, D., Janic, S., Marzac, E., Nehring, C., Ruzic, N., Stefanov, R., Tuneva, M., Turcilo, L., Velcheva, B., Zguri, R., Blurring the Truth: Disinformation in Southeast Europe, 2023, Konrad Adenauer Stiftung Media Programme see;
- Al Jazeera, Code of Ethics. Available at: https://network.aljazeera.net/en/our-values/standards;
- Albanian Media Council, Code of Ethics for Journalists. Avaulable at: https://kshm.al/en/code-of-ethics-for-journalists/;
- BBC, Editorial Guidelines. Available at: https://www.bbc.com/editorialguidelines/guidelines;
- European Regulators Group for Audiovisual Media Services (ERGA), Notions of disinformation and related concepts, 2020. Available at: ERGA-SG2-Report-2020-Notions-of-disinformation-and-related-concepts-final.pdf (erga-online.eu)
- IFJ Global Charter for Ethics for Journalists, Global Charter of Ethics of Journalists. Available at: https://www.ifj.org/who/rules-and-policy/global-charter-of-ethics-for-journalists;
- Journalists' Association of Serbia and Independent Journalists' Association of Serbia, Serbian Journalists' Code of Ethics. Available at: https://savetzastampu.rs/en/documents/kodeks-novinara-srbije/;
- Lowenstein Scott, Using Secure Sourcing to Combat Misinformation, May 5, 2021, Research & Development at The New York Times. Available at: https://rd.nytimes.com/projects/using-secure-sourcing-to-combat-misinformation;
- Luengo, M. et.al., Journalism, 2016, Evaluating organizational ethics in Spanish news media. Available at: Evaluating organisational ethics in Spanish news media - María Luengo, Carlos Maciá-Barber, José Luis Requejo-Alemán, 2017 (sagepub.com)
- New York Times, Ethical Journalism: A Handbook of Values Practices for the News and Opinion Departments. Available at: https://www.nytimes.com/editorial-standards/ethical-journalism.html#;

- New York Times, Standards and Ethics. Available at: https://www.nytco.com/company/standards-ethics/;
- O'Sullivan Donie, Case Study: How we proved that the biggest Black Lives Metter page on Facebook was fake, 2017, America, CNN. Available at: https://datajournalism.com/read/handbook/verification-3/investigating-actors-content/1b-case-study-how-we-proved-that-the-biggest-black-lives-matter-page-on-facebook-was-fake;
- Press and online Media Council in Bosnia and Herzegovina, Print and online Media Cod of BIH. Available at: chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.vzs.ba/images/2022/Kodeks/Press and Online Media Code of BiH.pdf;
- Private Investigations, Social Media Investigation. Available at: https://www.pinow.com/investigations/social-media-investigations;
- Saltz Emily, Parr Serena, Lowenstein Scott, How Publishers Can Use Metadata to Fight Visual Misinformation, February 22, 2020, Research & Development at The New York Times. Available at: https://rd.nytimes.com/projects/how-publishers-can-use-metadata-to-fight-visual-misinformation;
- Silverman Craig, Investigating Disinformation and Media Manipulation, Verification Handbook for Disinformation and Media Manipulation, European Journalism Centre. Available at: https://datajournalism.com/read/handbook/verification-3/investigating-disinformation-and-media-manipulation/investigating-disinformation;
- Silverman Craig, Russian Bear Attack: Tracking Back the Suspeckt Origin of a Viral Story. Available at: https://datajournalism.com/read/handbook/verification-1/additional-materials/russian-bear-attack-tracking-back-the-suspect-origin-of-a-viral-story;
- Silverman Craig, Verification Handbook: An ultimate guideline on digital age sourcing for emergency coverage, European Journalism Centre. Available at: chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://s3.eu-central-1.amazonaws.com/datajournalismcom/handbooks/Verification-Handbook-1.pdf;
- Silverman Craig, Verification Handbook for Disinformation and Media Manipulation, European Journalism Centre. Available at: chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://s3.eu-central-1.amazonaws.com/datajournalismcom/handbooks/Verification-Handbook-3.pdf;
- The Associated Press, The Associated Press Statement of News Values and Principles. Available at: chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.ap.org/about/news-values-and-principles/downloads/ap-news-values-and-principles.pdf;

- The Guardian, The Guardian's Editorial Code. Available at: https://www.theguardian.com/info/2015/aug/05/the-guardians-editorial-code;
- UNESCO, Journalism, 'Fake News' and Disinformation: A Handbook for Journalism Education and Training, 2021. Available at: https://en.unesco.org/fightfakenews;
- University of Essex Human Rights Centre Clinic, Introductory Guide to Open Source Intelligence and Digital Verification, 2017. Available at: chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www1.essex.ac.uk/hrc/documents/Introductory_Guide_to_Open_Source_Inteligence_and_Digitial%20Verification.pdf;
- Wardle, C., PhD, Derakhshan, H., Information disorder: Toward an interdisciplinary framework for research and policy marketing, September 27, 2017, Council of Europe. Available at: 168076277c (coe.int)

Институт за комуникациски студии

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

Ова истражување е спроведено во рамки на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

Институт за
комуникациски
студии

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти